РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2810/2
18-02-2022 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на чл. 22 и чл. 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 12/19), а согласно со чл. 40 ст. 2 и чл. 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава добиена од познат подносител, на 62-та седница одржана на 15.02.2021 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата на /// доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на која е оформен предмет со број 12-2810/1 од 24.08.2020 година, **СЕ ОТФРЛА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 12/19), Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека друг орган е надлежен да постапува и постапува по наводите од пријавата.

Предметот со архивски број 12-2810 од 2020 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата со образложението во деперсонализирана форма, да се објави на нејзината веб страница во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Предметот со број 12-2810/1 од 24.08.2021 година во Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст: ДКСК) е оформен врз основа на добиена пријава од /// (во понатамошниот текст: подносителот), по електронски пат.

Во пријавата се изнесени наводи кои се однесуваат на сомнежи за несовесно постапување и злоупотреба на службената положба и овластувања на службени лица во Народна банка на Република Северна Македонија во врска со пропаѓањето и стечајот на Еуростандард Банка АД Скопје. Наводите се во насока на тоа дека

службените лица во Народна банка на Република Северна Македонија иако подолг период знаеле дека Еуростандард банка АД Скопје повеќе не ги исполнувала условите за добивање дозвола за основање и работа на банка во Република Северна Македонија, подолг период не презеле ништо т.е. не презеле должни службени дејствија, со што овозможиле да се нанесе дополнителна штета на дел од штедачите, а на корист на министер за финансии на Република Северна Македонија, директор на Фонд за осигурување на депозити на Република Северна Македонија, кои своите штедни влогови навремено ги извадиле, пред укинувањето на дозволата за основање и работа на Еуростандард Банка АД Скопје од страна на Народна банка на Република Северна Македонија. Од ДКСК бара да го преиспита овој случај. Докази кон пријавата не се доставени.

По разгледување на пријавата, ДКСК утврди дека за наводите во истата се преземаат мерки и дејствија од страна на Основно јавно обвинителство на Република Северна Македонија во Скопје. Оттаму, ДКСК оцени дека нема законска надлежност да постапува по наводите во пријавата, дека друг орган е надлежен да постапува по истата, дека истиот веќе презема дејства и мерки од негова законска надлежност и одлучи да ја отфрли пријавата на подносителот и предметот да се затвори и да се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- Архивата на ДКСК
- Подносителот на пријавата

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Изработил: м-р Д. Д.
Одобрил: Г. Т.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk